# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА 2016 ГОДИНА.

Програмата за работа на Советот на Општина Кавадарци во 2016 година се базира на надлежностите на Советот пропишани со Уставот на РМ, Законот за локална самоуправа и другите закони кои се однесуваат на функционирањето на локалната самуправа, како и Статутот на Општината и Деловникот за работа на Советот. Програмата овозможува основни насоки по кои ќе се раководи Советот во своето работење во текот на една календарска година. Со истата се обезбедува транспарентност, но и простор за нејзино проширување и дополнување од овластени предлагачи и други заинтересирани субјекти и поединци.

Во периодот **Јануари-Март** Советот ќе работи на повеќе програми: Програма за работа на Советот на Општина Кавадарци за 2016 годинаПрограма за активностите на Општина Кавадарци во промоција на "Комуникација со јавноста" во 2016 година, потоа на усвојување на Квартален Извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Кавадарци за 2015 година-Четврти Квратал, на Информација за состојбата во јавната безбедност и безбедноста на сообракајот на подрачјето на Општина Кавадарци за 2015 година; како и на Годишен Извештај за работата на Општина Кавадарци за 2015 година. Советото ќе расправа и за Годишната сметка на Буџетот на Општина Кавадарци за 2015 година, за Годишните сметки за 2015 година на јавните служби основани од општината, како и за Годишните Програми за работа за 2016 година на јавните служби основани од општината. Во наведениот период ќе се разгледуваат и Одлуки за донесување на Детални урбанистички планови. Во овој квартал се предвидува и дебата на Советнички прашања.

Период **Април-Јуни**. Теми на Советото ќе бидат: Квартален Извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Кавадарци за 2016 година-прв квартал како и Советнички прашања.

Во третиот квартал за Период **Јули-Септември** Советото предвидува да работи на следните одлуки:Квартален Извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Кавадарци за 2016 година - втор квартал, Програма за организирање на Туристичката Манифестацијата "Тиквешки Гроздобер 2016 година", разгледување на Извештаи за работата на јавните претпријатија во првото полугодие од 2016 година. Изготвени од Јавни претпријатија во надлежност на општината. Извештаи за работа на Основните и Средни училишта во Општина Кавадарци во учебната 2015/2016 година чии изготвувачи се Општинските Основни и Средни училишта. Исто така Советото ќе расправа и по Програми за работа на Општинските основни и средни училишта во учебната 2016/2017 година.

Во пресрет на денот на ослободувањето на градот ќе се донесе и Одлука за доделување Награда "7-ми Септември" за 2016 година. Квартален Извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Кавадарци за 2016 година-трет квартал. Се предвидуваат и Советнички прашања.

Во Периодот **Октомври-Декември** Советото ќе разгледува: Извештај за работата на ЈОУДГ Детска градинка "Рада Поцева" Кавадарци за 2016 година како и Програма за работа со финансиски план за финансирање на ЈОУДГ Детска градинка "Рада Поцева" Кавадарци за 2016/2017 година. Потоа Извештај за реализацијата на Туристичката Манифестација "Тиквешки Гроздобер 2016 година" како и Програма за одржување на градските улици и локалните патишта на подрачјето на Општина Кавадарци во зимски услови за 2016/2017 година (Зимска служба). Теми на Советот ќе бидат и: Одлука за измена и дополнување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2016 година. Одлуки за измена и дополнување на ДУП на општина Кавадарци. Потоа Буџет на Општина Кавадарци за 2017 година, Одлука за извршување на Буџетот за 2017 година, Буџетски календар за 2018 година како и Одлука за благајнички максимум. Програма за работа на Советот на Општина Кавадарци за 2017 година. Програма за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2017 година, Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици за 2017 година, Програма за локален економски развој на Општина Кавадарци за 2017 година. Програма за изработка на

урбанистички планови за Општина Кавадарци за 2017 година. Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на културата за 2017 година, Програма за одбележување на значајни настани и личности во 2017 година. Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт во 2017, Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на меѓународната соработка на Општина Кавадарци во 2017 година, Програма за јавна чистота за 2017 година, Програма за јавно зеленило за 2017 година, Програма за Програма за дезинфекција, дезинсекција и дератизација во Општина Кавадарци за 2017 година, Предлог-Програма за управување со отпад на територијата на Општина Кавадарци за 2017 година; Квартален Извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Кавадарци за 2016 година-четврт квартал. Програма за дочек на Нова Година 2017 година и Божиќните празници, како и Советнички прашања. Нормативниот дел од Програмата за работа на Советот на Општина Кавадарци ја регулира нормативната дејност на Советот за 2016 година, односно донесувањето на нормативните акти од негова страна и нивното усогласување со новите прописи што се донесени или ќе бидат донесени во текот на годината.

Програмата за работа на Советот на Општина Кавадарци за 2016 година има отворен карактер, така што сите проблеми и прашања што ќе се појават во текот на годината, а за кои Советот, Градоначалникот и другите органи на Општината ќе оценат дека имаат битно значење за животот и интересите на граѓаните, ќе бидат инкорпорирани во Програмата.